**Tatjana Kunevska**

| | |
|---|---|
| **From:** | contact <contact@avmu.mk> |
| **Sent:** | Thursday, July 20, 2023 6:00 PM |
| **To:** | zaposta@avmu.mk |
| **Subject:** | [Fwd: Забелешки од Канал 77 за Нацрт-правилникот] |

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 21.07.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 01 | 2786/3 | 1 | |

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: Забелешки од Канал 77 за Нацрт-правилникот
From: Виктор Гаврилов <viktor@kanal77.com.mk>
Date: Thu, 20 Jul 2023 17:59:21 +0200
To: <contact@avmu.mk>
Cc: "'Viktor Gavrilov'" <viktor@kanal77.com.mk>

Почитувани,

Во прилог на овој мејл Ви доставувам забелешки од ТРД Радио Канал 77 за Нацрт-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, согласно Вашата објава на веб страната на ААВМУ на 12.07.2023

**ЗАБЕЛЕШКА БР.1**

Со менталното законско решение, редовен работен однос со пријава во АВРМ е возможно работникот да склучи договор и да биде пријавен на 2 часа неделно. Со вака формулираниот Член 9 се остава простор за манипулација од страна на радиодифузерите со што би се исполнила обврската за редовно вработувањње и со само 2 часа неделно. Меѓутоа, имајќи ги во предвид работните места кои се опишани во член 9 став 4 од Нацрт Правилникот, од технички и организационен аспект речиси е невозможно да се исполнат работните обврски во два работни часа неделно, со што како што веќе напоменавме се остава простор за манупулација со работното време.

Од друга страна се остава простор за различно толкување и на одредбите од став 3 од член 9, користејќи го зборот ‘’задолжително’’,а кој се однесува за одговорниот уредник, со што може да се толкува дека останатите лице не мора да се задолжително во редовен работне однос, но во тој случај би било контрадикторно со останатите ставови од член 9 и би се создала можност за призволност во толкувањето заради конфиузноста на одредбите

Наш предлог за измени и дополнувања во насока на елеминирање на можностите за изигрување, а и во насока на заштита на правата на работниците да не се злоупотребуваат истите од една страна, а од друга страна за продуцирање на поквалитетни програми е следниот :

Член 9

Имателот на дозволата за радио емитување на програмски сервис од општ формат е должен **за цело времетраење на дозволата за радио емитување , во** редовен работен однос **со полно работно време од 40 часа неделно** , да има најмалку:

1. 10 (десет) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на државно ниво;
2. 5 (пет) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на регионално ниво;

3. 3 (три) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со над 50.000 жители;
4. 2 (две) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје од 10.000 до 50.000 жители;
5. 1 (едно) лице кое учествува во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со под 10.000 жители.

Имателот на дозволата за радио емитување на програмски сервис од специјализиран формат е должен **за цело времетраење на дозволата за радио емитување , во** редовен работен однос **со полно работно време од 40 часа неделно** , да има најмалку:

1. 5 (пет) лица ако има дозвола за емитување програма на државно ниво;
2. 2 (две) лица ако има дозвола за емитување програма на регионално ниво;
3. 1 (едно) лице ако има дозвола за емитување програма на локално ниво.

Одговорниот уредник на програмскиот сервис и од општ и од специјализиран формат (ставови 1 и 2 од овој член) треба да биде во редовен работен однос **со полно работно време од 40 часа неделно.**

Лица кои учествуваат во создавањето на програмата, во смисла на овој Правилник, а согласно Националната класификација на занимања од 2015 година, се лицата кои се вработени во радиодифузерот на следните работни места:

1. новинари (новинар, коментатор, критичар, репортер, редактор, составувач на рекламни огласи, музички уредник, ликовен уредник, филмски критичар и публицист, одговорен уредник, помошник и главен уредник, уредник за забавно-сценска програма, уредник за концертна програма и уредник за видеопрограма);
2. спикер на радио и телевизија (водител на програма, водител на радиопрограма, водител на телевизиска програма, спикер);
3. техничари на опрема за снимање и пренос на слика и звук (сниматeл на слика, миксер на слика, снимател на тон, техничар за тонски ефекти, миксер на тон, монтажер на слика и тон, оператор на радиостаница, оператор на ТВ станица, оператор во радиоемисија, оператор во ТВ емисија).

Исполнувањето на минималните кадровски услови се докажува со доставување документ **( преглед на М1М2 образец за секој вработен кај имателот на дозволата )** , издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија."

**ЗАБЕЛЕШКА БР.2**
Агенцијата мора да предвиде механизам за контрола со цел констатно да има увид во бројот на редовно вработени лица на полно работно време во секој радиодифузер. Доколку Агенцијата нема постојан увид и контрола голем дел од радиодифузерите ќе продолжат со непочитување на овој член од Правилникот. Наш предлог е користење на систамот што го користат извршителите, кои постојано имаат увид во работниот однос на лицата, односно добиваат известувања од АВРМ за лицата кога ќе склучат договор за вработување или кога истиот ќе биде прекинат.

**ЗАБЕЛЕШКА БР.3**
Предвидениот број на вработени лица во редовен работен однос во Член 21 за создавање на програма на локално ниво е премал. Техничкиот процес на ТВ предвидува поголем број на вработени за разлика од радио, па се поставува прашањето како 2 лица ќе продуцираат програма од минимум 6 часа дневно, кога за продуцирање на програма ''вести'' е потребно најмалку 3 лица, (новинар, камера, техника) а тоа долен минимум. Сметаме дека бројот на вработени во редовен работен однос од 40 часа неделно треба да биде адаптиран согласно реалните потреби со цел да се продуцираат квалитетни содржини.

Поздрав

ВИКТОР ГАВРИЛОВ
Генерален Директор

VIKTOR@KANAL77.COM.MK

моб:+389 75 498 374
тел:+389 32 397 707 лок.101

5-та Партиска Конференција 32А
2000 Штип Р.Македонија

Напомена: Оваа порака и сите прилози што ги содржи се доверливи, заштитени и наменети само за испраќачот. Секое објавување, препраќање или користење на податоците е строго забрането за лицата на кои не им е наменета. Доколку ја имате добиено пораката по грешка, Ве молиме контактирајте го испраќачот и избришете ја. Испраќачот не превзема одговорност за несоодветно или нецелосно пренесување на информациите содржани во оваа комуникација.

---

Virus-free. www.avast.com

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.